Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

- Сектор за координација и техничка помош на министер

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 26 -07- 2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 44 | 5016 | 6 | |

Архивски број: 14-4925/2
Датум:
23 -07- 2019

До:

- Влада на Република Северна Македонија
  Генерален Секретаријат / Одделение за соработка со НВО
- Здружение за заштита и едукација на деца и млади Роми – Прогрес, Скопје

Предмет: Одговор по однос на барање / предмет

Почитувани,

Министерството за труд и социјална политика го доби и го разгледа предметот во рамки на Отворени денови за иницијативи на граѓански организации – Младински политики, Иницијатива добиен од Здружение за заштита и едукација на деца и млади Роми – Прогрес, насловена како Превенција од рано напуштање на образовниот процес и еднаков пристап до образование за Ромите.

Министерството за труд и социјална политика Ве информира дека од 2006 година, го спроведува проектот Инклузија на деца Роми во Јавните општински установи - детски градинки во соработка со Ромскиот едукативен фонд, ЈОУДГ и општините на централно и локално ниво, согласно Националната Стратегија за вклучување на Ромите 2014-2020, како мерка која е насочена кон подобрување на образовната структура и зголемување на бројот на ромските деца во јавните предучилишните установи во Република Северна Македонија.

Во оваа насока Ве информираме дека во рамки на Министерството за труд и социјална политика не постои можност за финансиска поддршка по однос на предложената иницијатива, меѓутоа ја поздравува релевантноста на инцијативата која е насочена да помогне на младите Роми, со цел да го подобри процентот на запишани Роми во основно и средно образование.

Со почит,

**Министер**
**Мила Царовска**

Изработил: Нахида Зекирова

Одобрил: Мабера Камбери


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk